## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

### од Првото продолжение на Четириесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 1 јуни 2007 година

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,20 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љубиша Георгиевски претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата за да можеме да почнеме со седницата.

Дами и господа пратеници продолжуваме со работа по 45-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Љубисав Иванов Ѕинго, Марјанчо Николов, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Влатко Серафимо, Лазар Китановски, Љубчо Георгиевски, Даут Реџепи, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Фијат Цаноски, Илинка Митрева, Анета Стефановска, Ѓорѓи Оровчанец, Азис Положани, Али Ахмети, Фазли Велиу, Зумрете Јакупи, Мирјана Секуловска, Благој Зашов, Андреј Жерновски и Елмазе Селмани ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со точката 3 Предлог на одлука за именување на претседател и членови на Одборот за доделување на на наградата “23 Октомври”.

Продолжуваме со претсрес од текстот на Предлогот на одлуката.

Продолжуваме со репликата на господин Оливер Шамбовски, вашите три минути, повелете.

**Оливер Шамбовски:** Благодарам господине претседателе.

Мене навистина ми е жал што господинот Никола Поповски сабајлево не е на седницата, како и да е, кога ја завршивме претходната седница она што можеше како сумарум да се направи е тоа дека единствената конструктивна дискусија која што ја добивме од страна на пратениците на СДСМ беше токму неговата и заради тоа сакав да реплицирам односно да придонесам кон. . .

**Љубиша Георгиевски:** Еве пристигна господинот Поповски.

**Оливер Шамбевски:** Дотолку подобро.

Значи, господинот Никола Попоски кажа дека практично ВМРО ДПМНЕ сакало да избрише некој дел од историјата односно периодот од нашата понова историја, го подели на две ери од кој што наводно ВМРО ДПМНЕ поновата ера околу АСНОМ и Втората светска војна би сакало да ја избрише.

Јас и додека зборуваше господинот Никола Поповски сугерирав дека тоа не е така и сега ќе се обидам да го докажам тоа, бидејќи мислам ако е тоа единствениот сомнеж кој што го искажа СДСМ тогаш јас слободно, без трунка патетика можам да кажам дека ние се наоѓаме пред прагот на национално помирување помеѓу левицата и десницата.

Зошто? Затоа што ВМРО ДПМНЕ ниту еден момент од своето постоење до денес не го негира ниту АСНОМ, ниту Втората светска војна, борбата на комунистите односно партизанското комунистичко движење и нивниот придонес за независна Република Македонија, АСНОМ итн.

Она што ние сакаме да го направите е токму предложувајќи го 23 Октомври за државен празник, па еве сега и за државна награда тоа е да се одбележи континуитетот кој што започна на 23 Октомври и финишираше некаде 90-тите години од минатиот век кога Република Македонија стана независна држава.

Значи, ВМРО ДПМНЕ, она што ние имаме и целото македонско општество траума е имено периодот после АСНОМ. Имено периодот за едно тоталитарно, недемократско општество, недемократски режим кој владееше во Република Македонија, но за тоа Собранието во минатиот состав донесе декларација со која што го осуди тој режим, комунистичкиот режим од 1945 до 1990 година, денеска скоро со 100% поддршка во Собранието на Република Македонија утврдивме потреба за донесување на закон за лустрација, кој што соодветно ќе го третира тој период од нашата историја и се надевам ќе донесеме, според најавите на господинот Андов и закон за рехабилитација со кој што ќе завршиме, ќе ставиме конечно точка. Ако е тоа единствениот сомнеж јас верувам дека ние се наоѓаме на прагот на национално помирување.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Иако никогаш ниту сум имал намера, ниту сум се впуштал во било какви оценки на било која дискусија, што не би било и фер од моја страна овој пат не можам да се воздржам да не кажам дека ова што го слушнав од господинот Шамбевски, ја гледам и реакцијата на господинот Никола Поповски е глас на разумот. Благодарам.

Има збор господинот Трајко Вељаноски, како предлагач, повелете.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам претседателе.

Пред два дена имавме дебата во врска со одредување на составот на Одборот за доделување на наградата 23 Октомври, во кој што следејќи го настапот на опозиционите партии преку законите кои што се однесуваат на празниците, Законот за државна награда и сакаат да дадат една политизација на случаите при носењето на тие закони, а исто така преку нивното укажување дека се партизира Одборот за доделување на наградата “23 Октомври” сакаат да ја свртат ситуацијата на политизација на едно нешто што сепак е добро, како што кажа и колегата Шамбевски на едно национално помирување.

Во излагањето на господинот Никола Поповски ако внимателно се гледа дури се оди во таа ситуација на поделба на наградите на левица и

десница. Јас така не би ги гледал тие награди затоа што сепак овие се државни награди, не се награди на левицата или на десницата и да не дојдеме во ситуација што е нешто добро за Република Македонија, за одбележување на еден датум кој што е од големо значење за Република Македонија имаше еден предлог од пратеничката Роза Топузовска Каревска во кој побара да се повлече Предлогот на одлуката и да партиципираат од нивна страна со свои предлози за членови во Одборот за доделување на наградата 23 Октомври.

Истото беше и во самото излагање на пратеникот Никола Поповски, дури тој се обиде со свои амандмани да интервенира во овој состав на предложената одлука за именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата 23 Октомври, јас како предлагач односно претседател на Комисијата за прашања на изборите и именувањата го прифаќам, тој предлог, таа понуда од нивна страна, се со единствена цел да докажеме дека не ни е целта на партизација, на политизација на една награда ко ја сепак треба да остави еден белег во Република Македонија, како што се и другите награди кои што се доделуваат.

Се надевам дека откако ќе ја повлечам оваа Предлог одлука од моја страна како пртетседател на Комисијата за прашања за избор и именувања писмено ќе се обратам до политичките партии СДСМ да достави предлози за двајца членови на овој Одбор, на ЛДП за еден член и на ДУИ за двајца членови ќе го исполнат своето барање за партиципирање во одборот за доделување на наградата 23 Октомври.

Сакам да укажам дека оваа Предлог одлука ја повлекувам и се надевам дека откако ќе го добијат писмено, а тоа ќе следи во текот на денешнот ден од страна на овие опозициони политички партии ќе партиципираат во Предлогот на одлуката со свои членови за доделување на наградата 23 Октомври. На тој начин ќе го тргнеме сомнежот на партизација и политизација на доделувањето на оваа значајна награда 23 Октомври, како што се и другите награди кои се предвидени во Законот за државни награди.

Значи, ја повлекувам оваа Предлог одлука и на најбрз можен начин ќе интервенираме со нови членови во Одборот за доделување на наградата 23 Октомври.Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Гледам дека се повлечени пријавените за дискусија и бидејќи нема повеќе пријаени за збор го заклучувам претресот.

Значи, предлогот на одлуката е повлечен.

**Минуваме на точката 4 - Предлог за именување член на регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија.**

Предлогот ви е доставен.

Отворам рпетрес по Предлогот Светлана Јаневска да биде именувана за член на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија.

Молам, кој бара збор.

Има збор господинот заменик министер за економија.

**Киро Спанџов:** Благодарам претседате.

Почитувани пратеници, имаме предлог врз основа на член 18 од Законот за енергетика, бидејќи претстанува мандатот на еден член во регулаторната комисија да се замени со Светлана Јаневска која работи во Минситерството за финансии.

Досега работеше на утврдување на цените на сите видови на енергија, нафта и нафтени деривати, електрична енергија, топлинска енергија, долгогодишно работење во областа на утврдување на малопродажните цени во индустријата итн.

Таа подолго време работи во Министерството за економија, добар аналитичар е, има доставено биографија и цениме дека професионално ќе ја обавува оваа работа. Толку на кратко. Ако има некој прашања, значи се работи на престанување на мандат на еден член, со дополнување на нов член. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има господин Рафис Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Почитувани пратеници, почитувани присутни,

Ние како парламентарна група или како коалиција ДУИ ПДП не знаме дали овој предлог е поминат на Комисија за именување тука во Собранието на Република Македонија, доколку овој предлог ќе помине, тогаш би било добро да си изјасни претседателот на оваа Комисија, затоа што сигурно дека и претставникот од Министерството кој што е денес присутен но и претседателот на Комисијата за именувања треба прво да го консултираат Уставот како и Законот за енергетика и потоа да излезат и предлозие.

Значи, доколку го земете и го прочитате Законот за енергетика, член 25 став 2 е многу јасен каде се вели дека треба да се обезеди правична застапеност на членовите на оваа комисија.

Исто така, членот 6 од Уставот го вели истото. Значи во овој случај Комисијата за енергетика односно предлогот кој што доаѓа од Минситерството, со овој предлог се отстранува еден албанец и се заменува со еден припадник на македонската заедница. И оваа комисија со тоа станува етнички чиста, без ниеден албанец. Ова не е добро и јас би предложил предлогот да се повлече било да е од претставникот на Владата или од претседателот на Комисијата за именување. Да се почитува Уставот, да се почитува законот за енергетика, член 25 став 2.

Ова е барање на коалицијата ДУИ и ПДП. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За збор се јави господинот Трајко Вељаноски, се извинувам реплика.

**Трајко Вељаноски:** Да дадам едно појаснување затоа што пратеникот Рафис Алити мене ме повика како претседател на Комисијата за прашања на избор и именувања.

Да го информирам дека овој предлог не е поминат на Комисијата за прашања на изборите и именувањата, затоа што нема надлежност Комисијата за прашања за избори и именувања.

Овде согласно законот кој вие го цитиравте прдлагач е Владата. Кога е предлагач Владата предлогот директно оди на Собрание пред да помине на Комисијата за прашања на избори и именувања. Значи сакам да ве информирам дека Комисијата за овој предлог не расправала затоа што немала надлежност Комисијата за прашања на избори и именувања и така треа да се третира како секој предлог што доаѓа од Владата по однос на законските и други прописи. Блаодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За контра реплика се јави господинот Рафис Алити.

**Рафис Алити:** Благодарам. Му благодарам и на претседателот на Комисијата за именувања. Ние навистина не бевме во тек и токму заради тоа и го поставив прашањето, дали предлогот е поминат на Комисијата за именувања. Значи би било добро тогаш барем претставникот на Владата да го повлече предлогот. Претставниците на ДПА во Владата сигурно дека имаат свои претставници во таа Влада и тие би требало да бидат повнимателни, да се почитува законот и да се почитува Уставот.

**Љубиша Георгиевски:** За збор се јави господинот Ружди Матоши.

**Ружди Матоши:** Благодарам господине претседател, тоа што го кажа господинот Алити дека личноста кој бил економист и кој во оваа Комисија бил претставник, навистина дека во регулативата се бара да има правична застапеност. Ние како учесници во Владата нема да пратиме економист,а човекот чиј што мандат, е еден од претставниците чиј што мандат ќе истече на 23 јуни. Наместо него ќе биде именуван еден Албанец кој што е инженер. Значи, ние би сакале да пратиме еден човек кој што ќе биде од таа област и не сакавме да праќаме економист. Ова се случи во текот на месецот и со тоа ќе се разреши ова прашање.

**Љубиша Георгиевски:** За збор се јави господинот Џевад Адеми.

Ве молам од преведувачката кабина, имаме интервенции на квалитетот на преводот.

Има збор Џевад Адеми.

**Џевад Адеми:** Ви благодарам господине претседателе. Мојот говор ќе го фокусирам во две рамништа. Во првото рамниште ќе се заложам да му објаснам на претставникот на Владата на Република Македонија дека со овој предлог, односно со оваа измена на еден член на Регулаторната комисија за енергетика се прави тешко прекршување на едно уставно начело што значи правична и соодветна застапеност. Со Законот за енергетика членот 26 се прецизира точно, се утврдува точно какви профили треба да имаат членовите на Регулаторната комисија за енергетика. Во конкретниот случај имаме замена на еден економист со еден друг економист кој од формален аспект не е проблем, туку можеби има несакање предлагачот во овој случај прави грешка и таа грешка е следна: непочитување на уставната одредба за правична и соодветна застапеност. Случајно членот на оваа Комисија на кого му истече мандатот и кој со закон има право и за дополнителен мандат, се разбира ако се предложи е Албанец. И не би било ништо лошо доколку почитуваниот господин Матоши да не го има предвид овој момент. На членот на кого на 23 август, не јуни, му истекува мандатот е инженер за гас и нафтени деривати. Со Законот за енергетика секој член на Комисијата треба да има минимум 15 години работно искуство, од тие 15 години, 10 години во областа на енергетиката. СО жалење можам да констатирам од сите истражувања кои ги направивме албански кадар во ваква квалификација и кој го исполнува овој законски услов нема. И ние ќе се соочиме по два месеци оваа значајна Комисија да остане без ниту еден Албанец, без ниеден претставник на заедницата која е над 20%, а што е уставна одредба.

Второ, ќе го потсетам предлагачот деа во членот 30 од Законот за енергетика кој го уредува начинот на функционирањето на Регулаторната комисија, пишува дека секој член на Регулаторната комисија по крвна линија кој ги опфаќа и сопружниците, не смее да има ниту еден вработен во акционерски друштва, во заедниците, или во институции кои вршат професија од областа на енергетиката. Предлогот на Владата, или госпоѓа Светлана Јаневска, нејзиниот сопруг е вработен во Акционерското друштво Топлификација. Субјект кој има многу спорови со Регулаторната комисија. Затоа за да излеземе сите од оваа опасност во која не смееме да се вовлечеме, јас му сугерирам на предлагачот да го повлече овој предлог. Го молам албанскиот партиципиент во власта ДПА да предложи свој кадар и оваа Комисија да не остане неопфатена со еден албански кадар. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господинот Рафис Алити.

**Рафис Алити:** Благодарам во име на парламентарната група се разбира со оглед на тоа дека работите не се така како што тука се кажуваат, се знае колку трае мандатот на еден член, не се работи за денови, туку се работи за години. Затоа ние како парламентарна група бараме половина час пауза за меѓусебно да се консултираме.

**Љубиша Георгиевски:** Половина час пауза.

(Пауза од 11,50 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 12,20 часот).

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата, наскоро продолжуваме со работа.

Ги молам пратениците да ги заземат своите места.

Продолжуваме со седницата по пауза од половина час.

За збор се јавија господата, претпоставувам процедурално Ружди Матоши и господин Рафис Алити.

Повелете господине Матоши.

**Ружди Матоши:** Се јавувам за збор.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете.

**Ружди Матоши:** Ви благодарам господине претседателе.

Бидејки вистина е тоа еден елемент од денес, до 23 август, односно јули всушност, вистина е дека останува без претставник и останува празно местото на албанскиот претставник во оваа Комисија, јас барам од претставникот на Владата на 23 август да го избереме и економистот и технологот.

Уште еднаш ќе кажам дека имаме технолог кој ќе ги исполнува условите и кога ќе дојде 23 август ќе ги избереме двата члена.

Значи, барам од претставникот на Владата да го повлече овој предлог, ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор претставникот на Владата.

**Киро Спанџев:** Бидејки се работи за лица кои што треба да бидат експерти во оваа облст, земајки ги предвид кажувањата од пратениците, го повлекуваме овој предлог и ќе предложиме да се реши заедно со изминувањето на мандатот и на другиот член.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го повлекува овој предлог.

**Минуваме на точката 5 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Словенија за соработка во областа на здравството и медицината, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени однсоно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор. (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесвување на на закон за ратификација на Спогодбата помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Словенија за соработка во областа на здравството и медицината.

Молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата, бидејки треба да поминеме на гласање.

Ги молам службите уште еднаш да ги пребројат присутните пратеници во салата.

Бидејки имаме доволен број пратеници во салата, ве повикувам да гласаме.

При доволен број на пратеници во салата, гласале 60 пратеници, сите 60 гласале за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеника, сите 63 гласале за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворма претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеника, 63 гласале за, 1 гласал воздржано.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Словенија за соработка во областа на здравството и медицината.

**Минуваме на точката 6 - Предлог за донесување на закон за ратификација на амандман на Конвенцијата за забрана, или ограничување на користењето на некои видови конвенционални оружја за кои се смета дека предизвикуваат прекумерни повреди, или дека имаат индискриминирачки ефекти - ССЊ со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и Извештајот на Комисијата за надворешна политика и Дописот на Законодавно-правната комисија, ви се доставени однсоно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор. (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на амандман на Конвенцијата за забрана, или ограничување на користењето на некои видови конвенционални оружја за кои се смета дека предизвикуваат прекумерни повреди, или дека имаат индискриминирачки ефекти ССЊ.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеника, сите 64 гласале за.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

При доволен број на пратеници во салата, Гласале 60 пратеника, 59 гласале за, 1 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворм претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор. (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеника, сите 63 гласале за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на амандман на Конвенцијата за забрана, или ограничување на користењето на некои видови конвенционални оружја за кои се смета дека предизвикуваат прекумерни повреди, или дека имаат индискриминирачки ефекти - ССЊ .

**Минуваме на точката 7 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за социјално осигурување меѓу Македонската Влада и Белгиската Влада, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени однсоно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор. (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за социјално осигурување меѓу Македонската Влада и Белгиската Влада.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеника, сите 64 гласале за.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеника, сите 63 гласале за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворм претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор. (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеника, сите 64 гласале за.

Констатирам дека Собранието го доенсе Законот за ратификација на Договорот за социјално осигурување меѓу Македонската Влада и Белгиската Влада

**Минуваме на точката 8 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Тристраната конвенција во врска со Трансбалканскиот нафтоводен систем помеѓу Република Албанија, Република Бугарија и Република Македонија, со Предлог на закон**.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени однсоно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор.

За збор се јави заменик министерот за економија, повелете.

**Кире Спанџов:** Почитуван претседател, почитувани пратеници, само накратко да кажам дека овој проект за АМБО е почнат уште во 1994 година и со одредени застои во одредени периоди сега доаѓа во една фаза да се реализираат некои активности кои се битни понатамошна реализација, меѓу кои натамошните насоки ќе бидат во правец на затворање на финансиската конструкција, потоа обезбедување на потребна количина на сурова нафта, изготвување акционен план во кој ќе следат многу стратегии и проекти кои се битни за овој проект, значи обезбедување на финасиските средства кои недостасуваат. Од друга страна, знаеме дека придобивката за Македонија е огромна, се очекува повеќе од 30 милиони долари на годишно ниво да имаме придобивки и други придобивки ако го користиме нафтоводот во индустријата. Би кажал толку накратко, а доколку има некои прашања ќе одговорам.

Значи предлагам да се прифати оваа Конвенција за да се продолжи понатаму со проектот.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор господин Мајран Додовски, повелете.

**Марјан Додовски:** Благодарам претседателе.

Почитуван заменик министер, колеги пратеници,

Само накратко сакам да кажам неколку зборови. Бидејќи се работи за една активност која треба да биде еден огромен мегапроект, кој во нешто е поврзан и со делот на заштитата на животната средина, сакам да укажам дека во овој документ делот на зашитата на животната средина и здравјето на луѓето е многу малку опфатен. Фактот дека вакви мегапроекти во себе носат и потреба од изработка на огромни студии, кои се однесуваат на влијанието врз животната средина, верувам дека сето тоа ќе биде целосно испочитувано и дека сите оние укажувања овие 10-на години наназад од опасностите по

животната средина во наредниот период целосно ќе бидат земени во предвид.

Значи мое укажување е во тоа дека Владата на Република Македонија треба да посвети повеќе внимание на делот на заштитата на животната средина. Сепак, се работи за еден огромен проект кој во себе носи и огомен процент на ризик по заштитата на животната средина. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** И јас ви благодарам господине Додовски.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Тристраната конвенција во врска со Трансбалканскиот нафтоводен систем меѓу Република Албанија, Република Бугарија и Република Македонија.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 69 пратеници, 68 пратеници гласале за, 1 воздржано, против нема.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, сите 63 гласале за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, за гласале 61, воздржсно 1, против 1.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Тристраната конвенција во врска со Трансбалканскиот нафтоводен систем меѓу Република Албанија, Република Бугарија и Република Македонија.

**Минуваме на точката 9 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за полициска соработка во Југоисточна Европа, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и Извештајот на Законодавно правната комисија и Дописот на Комисијата за надворешна политика ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за полициска соработка во Југоисточна Европа.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, сите 64 гласале за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Ве повикувам да гласаме.

Гласал 61 пратеник, сите 61 гласале за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, сите 65 гласале за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Конвенцијата за полициска соработка во Југоисточна Европа.

Само што ме известија дека претставникот на Владата од ресорот земјоделие пристига секој момент.

Според тоа ...

Повелете, прво Јани Макрадули, а потоа Марјан Додовски.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе,

Пратеничката група на СДСМ ќе го подржи овој предлог, но има неколку амандмани што во овој момент се подготвуват, со кои сметаме дека ќе се подобри Законот за основање на агенцијата, така што би побарал пауза од еден час навистина да се докомплетираат амандманите, кои се работат во овој момент и се плашам да не не завршиме, а мислам дека некои нелогичности ќе се поправат. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Пауза од еден час.

Процедурално, повелете господине Додовски.

**Марјан Додовски:** Вчера се одржа седницата на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство и од сите присутни членови на Комисијата овој закон беше подржан. Меѓутоа, бидејќи се работеше за краток временски период, сите заедно се согласивме дека она што е потребно како амандман од оние пратеници кои ценат дека треба да поднесат амандман да се уважи барањето на сите пратеници, без разлика од која пратеничка група е.

Меѓутоа, сакам да потенцирам дека и вчера на Комисијата беше дадена подршка на овој закон од сите пратеници. Во интерес на квалитативно подобрување на законот и поконструктивна дискусија, јас сум за тоа да се дозволи пауза за поднесување амандмани. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господине Трајанов, процедурално, повелете.

**Павле Трајанов:** Господин претседател, предлагам бидејќи предлогот на господинот Макрадули е во ред, за да не губиме време, да преминеме на следните точки, а во меѓувреме да се подготват амандманите и да ги добиеме. Тука е и претставникот на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Доколку се согласуваат пратениците, веројатно ќе треба да гласаме.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор процедурално и Трајко Вељановски, повелете.

**Трајко Вељановски:** Благодарам претседателе.

Мојот предлог е сличен како на пратеникот Павле Трајанов со мала измена, прво да се разгледува точката 11 - Предлог на закон за соработка меѓу Република Македонија и Меѓународниот кривичен суд за гонење лица одговорни за сериозни повреди на Меѓународното хуманитарно право извршени на територијата на поранешна Југославија, а после таа точка да се разгледува точката 10. Значи да се изврши промена меѓу точката 10 и 11 во дневниот ред.

**Љубиша Георгиевски:** Мислам дека овој предлог е рационален и се приклучувам кон предлогот така да постапиме. Значи да ја прескокнеме точката 10 додека се подготвуваат амандманите, а да процедираме со точката 11.

Ќе гласаме за предлогот, само гледам дали имаме начелна согласност, ништо повеќе.

Процедурално, има збор пратеникот Рафис Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Јас мислам дека треба да се прифати предлогот на координаторот на СДСМ Јани Макрадули, затоа што и точката 11 која се предлага, ние како парламентарна група ќе треба ние да бараме за точката 11 пауза од многу причини, така што би било добро да не бараме после ние како парламентарна група пауза за таа точка, туку еве оваа пауза да ни послужи и ние меѓусебно да ги координираме работите и за точката 11 за соработка со Хашкиот трибунал.

**Љубиша Георгиевски:** Во светлината на овој предлог ќе ги спoиме паузите.

Објавувам пауза до 1 час.

(Реакција од пратеници).

Според Деловникот ние не можеме да дадеме пауза повеќе од 1 час.

Објавувам пауза од 1 час.

(Паузата започна во 12,51 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,16часот)

**Бесим Догани:** Ги молам пратениците да ги заземат своите места продолжуваме со работа.

**Минуваме на точката 10. - Предлог за донесување на закон за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештајот на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, повелете.

**Ацо Спасеноски:** Благодарам потпретседателе.

Република Македонија согласно Националната стратегија за интеграција на Република Македонија во ЕУ и Акциониот план за европско партнерство со приоритетен број 108, мерка број 2 има преземено обврска да воспостави соодветна посебна институција способна за ефикасно спроведување на мерките за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

Целта поради која се основа оваа институција е реализација на програмите за финансиска поддршка во земјоделството и руралиот развој со средства од Буџетот на Република Македонија и средства од инструментот за претпристапна помош на ЕУ, компонентата за руралиот развој ИПАРД или Петтата компонента од ИПА како подготовка за оваа институција за работа со инструментите на ЕУ за руралиот развој по пристапувањето на Република Македонија во ЕУ.

Потребата од основање ваква институција е наметната од законодавството на ЕУ што налага одвојување на планиранаа земјоделска политика или ИПАРД планот и политиката на дување руралниот развој од нивното спреведување.

Предложениот закон претставува правна основа за функционирање на оваа инситуција. Целите што треба да се реализираат со овој закон се следните:

Спроведување на земјоделската политика и поддршка на руралниот развој во Република Македонија;

Корисење на средствата од предприсапната помош на ЕУ за рурален развој во соглсност со критериумите пропишани во билатералните договори помеѓу Република Македонија и ЕУ;

Спроведување на заедничката земјоделска полилтика на ЕУ во Република Македонија;

Спроведуање на заедничката рибарска политика на ЕУ во Република Македонија;

Спроведување на мерките на државна помош во земјоделството, и спроведување на други мерки што ги утврдува Владата на Република Македонија.

Сите се во целосна согласност со горенаведента цел, поради што се основа оваа агенција.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине министер.

Има збор господинот Сафет Незири, повелете.

**Сафет Незири:** Ви благодарам.

Мислам дека една ваква Агенција за развој на земјоделството и за руралниот равој во Република Македонија е потреба и наметнување на времето, дека навистина години, по независноста на Македонија од 1990 година па наваму, секогаш имаме поблеми во оваа област во развојот на земјоделството, а може да се каже и во сточарството во Република Македонија.

Навистина е време еднаш за секогаш, постепено на нашите земјоделци и сточари да им се дадат позитивни знаци и надежи дека навистина, оние кои се занимаваат со земјоделство и сточарство, можеби ќе имаат подобра иднина и таа подобра иднина фактички од една страна во еден економски политички систем на Република Македонија ќе ја олесни економската исоцијалната област на граѓаните на Република Македонија.

Бидејќи се говори за една агенција што е непосредно поврзана со соодветните институции на ЕУ, каде што ќе имаме и финансиски донации, разни кредити, финансиска помош од оваа Европска институција, мислам дека вакво нешто треба навистина да се разгледа и позивитно да се одлучи, бидејќи како што реков претходно е наметнато од времето, од економскиот развој на земјоделството и сточасрството на Република Македонија.

И на соодветната Комисија за земјоделство имав укажано некои мои забелешки, а ќе ги презентирам уште еднаш. ЕУ има желба или соодветните иснтитуции на ЕУ што сакаат дса го помогнат земјоделскиот развој и сточарството на Република Македонија, тие имаат потреба да соработуваат со една Агенција што треба да биде деполитизирана.

Од предложениов закон може да се забележи дека органите или раководството на оваа Агенција требаше да се назначи односно спорд потребата и да се разреши и носителите на функциите односно директорот и сите други вработени од Владата на Република Македонија. Ова, само по себе може да премине во политички субјективизам, така што поради разни политички интереси може да се призвикаат разни политички случаеви, можеби на интерен начин и раководните органи на оваа агенција да се разрешат од страна на Владата, без оглед за која Влада се говори. И во иднина, се разбира.

Јас предложив овој орган, оваа агенција на транспарентен начин, сето тоа да одговара на барањата на потрбите на ЕУ, паралелно со оваа Агенција, да се направи назначувањето или изборот на овој орган или на оваа Агенција од Собранието на Република Македонија. Така што, да се работи на транспарентен начин, а сето тоа би било многу поприфатливо и од ЕУ.

Јас имав неколку забелешки по неколку членови од овој закон. Се забележува, не е добро дефиниран делот кога директорот на Агенцијата ќе избере вработени, како што се нагласува надлежни лица или стручни лица во овој орган. Но, на ниту еден начин со некој став или алинеја не е дефинирано и утврдено за какви надлежни лица се говори, за која област, за да го развиваат процесот или да работат како што треба во оваа агенција. Мислам дека сето тоа требаше добро да се дефинира, бидејќи од минатото знаеме во разни институции во Република Македонија, говорам за разни институции, разни политички структури што биле на власт во Република Македонија од 1990 година до денес. Често пати се вршеле злоупотреби под превезот на тоа дека ќе се изберат надлежни луѓе, но се избрани луѓе блиски на политичката структура што била во тоа време. За ова можеби треба некој посебен правилник да се донесе во иднина со кои што ќе се дефинираат овие прашања, особено во вработувањето надежни лица во оваа агенција.

Мислам дека за доброто на тоа што го нагласи и на Комисијата за земјоделие, навистина треба еднаш за секогаш оваа агенција да биде независна и на транспарентен начин да се донесе, особено во процесот на финансиските инвестиции и развој на земјоделството во цела Македонија.

Но, по се изгледа треба да се има предвид фактот дека Република Македонија, посебно земјоделските подрачја и деловите каде е присутно ссточарството имаме неправилни и несоодветни инвестиции. Особено не сакам да нагласувам но во источниот или западниот или северниот дел на Македонија, се знае дека неколку сточарски, земјоделски подрачја, каде густината на населението е мала или речи воопшто се занимаваат со земјоделство, тука сме имале многу инвестиции отколку во другите делови на Република Македонија каде навистина земјоделството и сточарството се развива во подем но инвестициите во овој дел биле помали.

Као резултат на тоа, да се спречи процесот на миграција село-град треба тој дел на Република Македонија, каде навистина државјаните на Република Македонија кои стручно се занимаваат со земјоделство и сточарство, таму треба да се инвестира финансиски од страна на оваа агенција. На тој начин ќе се сопрат сите миграции село - град.

И покрајсите овие технички недостатоци, се надевам дека се технички пропусти, се надевам дека во иднина ќе се надминат, со разни прописи и регулативи од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да се постигне целта. Навистина, овие финансиски донации од ЕУ да се инвестираат таму каде им е местото. Еднаш за секогаш да се стимулира земјоделството и сточарството, а земјоделското производство да биде на она ниво што ќе ги задоволи сите потреби, со што навистина ќе биде конкурентно на меѓународниот пазар, со производ совисок квалитет.

Да не должам, мислам дека во целост предложениот закон ги исполнува критериумите основни за една ваква соработка на оваа агенција и еден ваков орган навистина треба да функционира во Република Македонија.

**Бесим Догани:** Ви Благодарам.

Има збор пратеникот Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам потпретседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван министре,

Еве, јас моето прво незадоволство околу овој Предлог-закон би го кажал во контекст на тоа дека е по итна постапка, што и вчера го дискутиравме на Комисијата, бидејќи е многу значаен прдлог, односно има многу големо значење формирањето на оваа Агенција за финансиска поддршка на земјоделието и руралиот развој, а е доставено по итна постапка.

Знаеме дека од претпристапните фондови на ЕУ ќе дојдат големи финансиски средства, па поради тоа е мое мислење и мислење на мојата пратеничка група дека тоа требаше да оди во две фази. Односно, барем временски законот дса го имавме добиено пред два месеци или 30 дена, да имавме време да го разгледаме, подобро да го прочитаме и да интервенираме и укажеме на слабостите, на тоа што чини или не чини во него.

Бидејќи и вчера го искажав моето незадоволство, можеби тоа беше од технички причини, јас и членовите од опозицијата во Комисијата го немавме добиено Предлогот на закон. Но, сепак, некако се снајдовме. Службите од Собранието ни го доставија Предлогот.

Би кажал дека воглавном, тоа што е напишано и што е предложено го прифаќаме, со одредени мали забелешки.

Имаме поднесено четири амандмани по овој Предлог-закон. Кога ќе дојдат амандманите на ред ќе зборуваме за тоа. Но, ќе кажам неколку зборови на што се однесува, зошто сме незадоволни и покрај тоа што беше по итна постапка, рокот многу краток итн. итн.

Една од нашите забелешки беше размислувањето околу тоа што директорот на Агенцијата и националноит координатор ги назначува Владата. Бидејќи овие средства се големи, како што кажав на почетокот знаеме дека ќе биде контролирано од надлежните институции на ЕУ, од таму од каде доаѓаат средствата, но сепак мое мислење е дека овие два водечки фактори, националниот координатор и директорот на Агенцијата ги назначува Владата, сепак мислам дека контролата нема да биде толку ефикасна и строга кон овие два водечки фактори во Агенцијава. Колку имам сознанија, националниот кординатор национално ќе биде најверојатно министерот за финансии, Владата ќе го назначи диркторот на Агенцијата, а фактички увид и контрола над директорот на Агенцијата треба да врши некој од Министерството за финансии, односно министерот, односно Министерството за финансии треба да полага рачун пред ЕУ.

Како што реков на почетокот, имаме уште неколку забелешки. Гледам дека амандманите пристигнале. Јас и колешката Цветанка Иванова ќе кажеме нешто и околу амандманите, односно ќе земеме збор и ќе ги образложиме зошто ги поднесовме и зошто мислиме дека е добро така да биде, односно да се промени текстот според нашата амандманска интервенција.

Инаку, Предлогот на закон ќе го поддржиме, бидејќи конечно и земјоделците во Република Македонија ќе имаат можност да дојдат до средства што долго ги очекуваме од Европа или многу години слушаме како Бугарија, како најблиска земја, колку средства се имаат слеано во оваа земја во сферата на земјоделието. Дојде и тој ден, после потпишувањето на Македонија за добивање статус, па конечно македонските земјоделци ќе може да дојдат до овие средства што ги користеа пред тоа нашите соседи и сите земји што беа во фаза или се примени, пристапиле во европското семејство.

Да не се повторувам, законот ќе го поддржиме, без разлика на нашите забелешки дека е даден по итна постапка, дека немаме доволно време, беше доставен пред кусо време, пред неколку дена, мое мислење беше дека тоа требаше да биде малку подобро, да го имаме барем 25 - 30 денови да можевме подобро да го разгледаме, подоброда го продискутираме иако можеби пак ќе дојдевме до истите заклучолци, до кои што заблешки и сега дојдовме што после ќе ги образложиме во амандманскаста расправа.

Толку би кажал воопшто околу Предлогот на закон за агенцијата и како што реков на почетокот ние ќе го пдоржиме овој закон за формирање на оваа агенција, со цел и земјоделието во Република Македонија конечно да тргне напред односно и македонскиот земјоделец да дојде до парични средства со кои ќе ја развива својата дејност и ќе оди напред.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Киров.

Три минути реплика за господинот Дамески, повелете.

**Панче Дамески:** Почитуван потпретседател, почитуван министер, како прво да го поздравам донесувањето на овој закон за формриање на оваа платежна агенција. Значи ќе добиеме еден државен орган со кој ќе можеме рамноправно да учествуваме во искористувањето на средствата од претпристапните фондови на Европската унија.

Мојата реплика се однесува на забелешките, прво по итноста на постапката на донесувањето на овој закон.

Овој закон не е ниту сложен, ниту обемен, не е системски закон. Второ, ние и онака веќе доцниме со формриањето на оваа агенција, така што одењето во две фази само би било дополнително губење на време.

Прет пристапните фондови од Европската унија, на Република Македонија и се достапни од 2007 година, меѓутоа, за жал, бидејки оваа агенција треба да подлежи на акредитација, прво национална, потоа и од Европската унија. Значи ние 2007 година веќе ќе ја изгубиме за аплицирање и користење на овие средства.

Што се однесува до тоа дека законот го добиле дури вчера, сакам да кажам дека законот е влезен во Собрание на 9 мај. Значи скоро месец дена законот е во Собранието.

Околу дилемата кој да го бира директорот, јас ќе кажам дека најголем дел од средствата кои ќе ги користи оваа агенција, ќе бидат од претпристапните фондови на Европската унија и најголема контрола на работата на агенцијата, на раководните органи и тела, ќе се врши од страна на Европската унија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине

Дамески.

Една минута контра реплика за господинот Ацо Киров.

**Ацо Киров:** Колега Дамески, законот не е сложен, не е системски, но многу е важен, бидејки со формриање на оваа агенција односно во оваа агенција ќе се слеваат многу пари. Значи иако е во итна постапка, иакао за тоа имам забелешка, но ние како пратеничка група, во интерес на земјоделците, бидејки сакаме да импомогнеме и треба да им се помогне на земјоделците во Македонија и покрај одредени забелешки, ние и вчера на Комисијата рековме исега реков дека овој закон ние ќе го подржиме.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има збор пратеникот Марјан Додовски.

**Марјан Додовски:** Благодарам потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер.

Навистина, добро е што денес пред нас го имаме овој закон за основање на агенција за фианнсиска подршка на земјоделството и рурален развој. Значи се работи за еден исклучително важен закон, закон кој на некој начин треба да го започне процесот на она што се нарекува користење на овие претпристапни фондови кои Европската унија ги има алоцирано за Република Македонија.Познато ни е дека во делот на земјоделството, најголемиот дел од директиви припаѓаат токму на оваа област, а фактот дека земјоделието во Република Македонија се наоѓа во една многу тешка испецифична состојба, сите знаеме каква е состојбата со македонското село и на некој начин очекувањата од оваа агенција се многу големи.

Меѓутоа, јас сега сакам малку да продискутирам околу реалната димензија и по донесувањето на овој закон, а на некој начин и со функционирањето на самата агенција.

Се работи за орган кој треба да ги сервисира средствата од Европската унија. Меѓутоа, за македонскиот земјоделец реално да дојде до овие средства, верувајте ќе биде потребно еден голем период да помине во обука, едукација и еден силен маркетиншки пристап до секој земјоделец, до секој кој е заинтересиран за овие средства. Зошто го говорам ова? Го говорам затоа што можеме повторно да се до доведеме во ситуација, кога ќе помине еден циклус на финансирање, па вториот циклус, па да говориме за проценот на искористеноста на средствата. Јас лично сакам, после секој циклус на финансирање на македонскиот земјоделец да говориме за големпроцент на искористеност на овие средства. Затоа верувам дека Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, веднаш по донесувањето на овој закон, процесот на функционирање на оваа агенција ќе овозможи започне еден интензивен процес на обука и едукација, едноставно силен медиумски маркетиншки пристап во оваа проблематика. Еве сега го имаме случајот и со распределбата на субвенциите во земјоделието, не знае да го почитува рокот, не усепва да го достигне рокот, а на некој начин ќе говориме за средства кои не се искористени. Верувајте, средствата се многу потребни. Достоинството на земјоделецот мора да се подигне, мора да започне и реалната ревитализација на македонското село. Од таа причина треба да бидеме свесни дека во наредниот период престои една доста тешка работа за реално искористување на овие средства и една многу голема дисциплина на сите кои ќе бидат вклучени во овој процес.

Јас ќе потенцирам дека и вчера на Комисија за земјоделство, шумарство и водостопанство, при една максимално конструктивна дискусија, добро е што на некој начин со консензус сите политички партии искажавме подготвеност дека на Република Македонија и е потребна оваа агенција и верувам дека така ќе биде и во наредниот период, дека ќе ја дадем подршката за формирање на оваа агенција. Меѓутоа,она што сакам да го истакнам е дека ќе биде потребна една голема дисциплина за искористување на средствата од Европската унија.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Додовски.

Има збор господинот Рафис Алити.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Парламентарната група на ДУИ-ПДП, сакам да кажам дека секако ќе даде подршка на овој предлог закон, затоа што се работи за создавање на една агенција која ќе ги врши професионалните подготовки на оние кои ќе треба да им помогнат на земјоделците, или пак да бидат еден вид катализатор преку кој ќе се забрза овој процес, преку кој земјоделците ќе може да стигнат до многу ветуваните средства, мислам на фондовите од Европската унија, затоа што во земјоделието долго време во нашата земја, немаше инвестиции во земјоделието. Затоа ние како коалиција ќе го поддржиме овој Предлог закон. Тоа го велам со надеж дека оваа агенција нема да стане пречка, така како што многу често се случува во нашата земја, кога се формираат агенциите, наместо тие да бидат помогнати, или пак наместо средствата да стигнат таму каде што треба, тие многу често стигнуваат на погрешно место. Значи со надеж дека агенцијата навистина ќе им помогне на земјоделците, а не да ги попречува, така како што се случуваше во минатото, во многу случаи.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Алити.

Има збор господинот Иван Анастасовски.

**Иван Анастасовски:** Благодарам почитуван потпретседателе, господин министер, колеги пратеници.

Намерата ми е да кажам како пратеничката група на НСДП ќе гласа по однос на ова законско решение, бидејки и нормално тоа го носи амблемот на Европската унија, но пред тоа да го нарпавам, сакам да кажам мои кратки видувања, бидјеки ги слушнавме сите колеги кои се стручни во таа област и се членови на Комисијата која е надлежна за разгледување на овој закон, но сакам да предочам на една работа.

Ние пред извесно време донесовме еден Закон каде го намаливме ДДВ за одредени земјоделски производи и со тоа можевме во тој временски период од 4 месеци, на некој начин да ги видиме ефектите од тоа решение. Јас сум убеден дека ефектите од ова законско решение допрва ќе се покажат во пракса и тоа навистина ќе го почувствуваат тие за кои е наменето, земјоделците, посебно тие од руралните средини.

Бидејки законот одеше по итна постапка, колеги пратеници сега доставија одредени амандмани каде јас, гледајки го Извештајот ги погледнав и амандманите и еве една моја, да кажам сугестија, мислам дека првиот амандман е сосема нормално и реално да биде прифатен од страна на министерот, гледајки го тој член и она што го бараат колегите пратеници. Но, сепак тоа останува на предлагачот да го каже своето.

Значи јас да не должам многу, сакам да кажам дека, како и сите закони кои го носат тој амблем, пратеничката група на НСДП дава цврста подршка на ова законско решение.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Анастасовски.

Бидејки нема повеќе пријавено за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за доенсување на закон за основање на агенција за фианнсиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

Пред да го ставам овој заклучок на гласање, би ги повикал пратениците кои се надвор од салата да влезат за да можеме да пристапиме кон гласање.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Бидејки во салата се присутни доволно пратеници, заклучокот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 61 пратеник и сите 61 гласале за.

Констатирам дека заклучокот е сувоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 60 пратеници, сите 60 гласале за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седниц ада се претресе и предлогот на законот.

Отворма претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Цветанка Иванова и Ацо Киров поднесоа амандмани на член 8 став 3, член 14 став 2, член 29 став 1 и член 30 став 1, по кои Владата не се произнела.

Отворма претрес по амандманот на член 8 став 3 поднесен од пратениците Цветанка Иванова и Ацо Киров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Ацо Спасеноски:** Благодарам.

При изработката на овој Предлог закон за платежна агенција, тој е изработен уште во текот на ноември, после два месеци беше испратен на усогласување со Европската унија, бидејки после донесувањето на овој закон фактички треба да се пристапи кон акредитација на националниот акредитатор, кој е министерот за финансии.

Пред да почне да функционир аоваа агенција, да почне да се користат европските средства, таа мора да оди на усогласување и добивање на акредитација од Европската унија. При тоа се акредитираат вработените, постапката за поделбата, Правилникот на организација на работењето, се акредитира директорот и се акредитира и самата просторија каде што е сместена и агенцијата.

Заради усогласеноста на овој предлог закон со предлогот на Европската комисија за земјоделие и Европската унија, овој амандман не се прифаќа затоа што и се дава можност на агенцијата да може одредени нејзини активности да делегира на други. Затоа во членот е предвидено дека агенцијата останува и понатаму.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Владата не го прифати амандманот.

Има збор господинот Ацо Киров.

**Ацо Киров:** Искрен да бидам, очекував овој амандман да го прифати министерот. Фактички овој амандман е за техничко подобрување, како што е образложен во текстот односно немаше кој знае што да се измени во третиот став во член 8, бидејќи некој од колегите пратеници го немаат видено јас ќе го прочитам и се надевам дека ќе ме подржат мене и колешката Цветанка Иванова по овој амандман.

Член 8 став 3 се вели: “Агенцијата останува одговорна...”, значи ние со овој амандман интервенираме наместо зборот “останува”, да се вметне буквата “е” и да биде “Агенцијата е одговорна”.

Министерот образложи зошто останува овој збор, зборот “останува”, но како што кажа овој Предлог-закон е усогласен со Европската комисија за земјоделие, но мое мислење е дека сигурно луѓето односно експертите од Европската

комисија за земјоделие, со кои е усогласен овој закон нема да најдат забелешка ако беше прифатен овој амандман. Со оваа мала измена, бидејќи тоа според нас требаше да се тргне, значи, Агенцијата да биде одговорна. Сигурно Европската комисија за земјоделие немаше да најде забелешка ако беше прифатен овој амандман.

Јас мислев дека овој амандман ќе биде прифатен, а сега бидејќи останаа три амандмани, да не преадуцирам, но мислам дека следните три амандмани нема шанса да се прифатат од министерот.

Требаше овој амандман да се прифати од министерот, бидејќи не менува кој знае што и немаше да се најде забелешка од Европската комисија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Киров.

Има збор пратеникот Цветанка Иванова.

**Цветанка Иванова:** Благодарам потпретседателе.

Јас сакам од правен аспект да го објаснам овој амандман.

Ме чуди зошто не беше посоветуван министерот да го прифати овој амандман, затоа што вака како што е поднесен нашиот амандман е многу појасен и одговара на целта заради која е срочено ова решение вака.

Членот 8 се однесува на можност Агенцијата до нејзино целосно екипирање за одредени работи и надлежности, поточно работи, затоа што ставот 1 на членот 8 се однесува на работите на Агенцијата од член 7 да ги вршат во име и за сметка одредни органи утврдени со ставот 1 на членот 8.

Тоа значи дека ако Агенцијата ангажира или пренесува вршење на свои надлежности и на други органи таа секогаш е одговорна за извршената работа, затоа што работата органите ја вршат во нејзино име и за нејзина сметка. А, односите внатре помеѓу Агенцијата и органите, тоа е веќе друг правен однос, тие се регулираат секогаш со договор помеѓу Агенцијата и органите кои што ја вршат работата од членот 7 за име и за сметка на Агенцијата.

Значи, Агенцијата не може да остане одговорна, таа е секогаш одговорна спрема третите субјекти за работите кои што ги извршуваат овие органи, но секако ќе има посебен правен однос помеѓу Агенцијата и овие органи кои ќе бидат јасно дефинирани и прецизно со договорот за извршување на овие работи од страна на Агенцијата на овие органи.

И не е некоја голема греда, еве нека не го прифаќа, меѓутоа ова е волја да се подобри текстот, од пратениците на опозицијата, затоа што свесни сме што значи овој закон, затоа што знаеме, ние одработивме кога бевме на власт 4 години за да стигнеме кандидатски статус и да можеме сега ваков закон да носиме за да можеме да ги користиме тие предпристапни фондови. Премногу сме сериозно и премногу го сфаќаме значењето на овој закон, не си играме и затоа сакавме да дадеме знак на поддршка и подобрување на овој закон. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање ги повикувам службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Ги молам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата за да можеме да пристапиме кон гласање.

(Некои пратеници влегуваат во салата).

(Со седницата продолжи да заседава господинот Иван Анастасовски, потпретседател на Собранието на Република Македонија)

**Иван Анастасовски:** Бидејќи во салата има 61 пратеник, амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеници, од кои 18 гласале за, тројца се воздржани од гласање, а 42 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 14, став 2 поднесен од пратениците Цветанка Иванова и Ацо Киров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, повелете.

**Ацо Спасеноски:** Благодарам потпретседателе.

Како што напомнав и на самиот почеток, акредитацијата фактички се добива и за постапката за работењето и за начинот на работењето и поднесувањето на самите извештаи.

Она што е предложено во овој член е фактички дека директорот на Агенцијата, за својата работа поднесува полугодишен и годишен извештај до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, затоа што тој е фактички предлагач на ИПАРД планот и до Владата.

Овој амандман не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не се прифаќа.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, односно предлагачот се пријави за збор.

Има збор пратеник госпоѓа Иванова Цветанка, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам потпретседателе.

Бидејќи реагираат колегите, само на кратко сакам да го образложам овој амандман.

Бидејќи овие средства што ќе ги трансферира оваа Агенција за финансиска поддршка на земјоделците се огромни и дел од тие средства

ќе бидат и од Буџетот, а дел ќе бидат од предпристапните фондови, со оглед на тоа дека иако правиме независна Агенција и директорот на Агенцијата и националниот координатор ги избира Владата, што значи контрола ќе има само една власт, тоа е извршната власт. А бидејќи извршната власт ни е секогаш политичка, сакавме Извештајот на Агенцијата да биде доставуван и до Собранието на Република Македонија на разгледување, со цел да имаме увид во користењето, во трансферирањето, во распределбата на средствата, како од Буџетот, а особено од пред пристапните фондови на ЕУ. Јас мислам дека ова не е спротивно со ниту една европска конвенција, не е спротивно ниту со една европска препорака и затоа го поднесов овој амандман, заради поголема транспарентност и за учество и на оваа власт во оваа многу важна финансиска работа што во иднина ќе се одвива.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеник господин Ќиров Ацо, повелете.

**Ацо Киров:** Блогодарам потпретседателе.

И јас ќе се потрудам да бидам што пократок. Уште за првиот амандман реков штом тој не се прифати, следните три тешко. Но сепак, ќе кажам неколку зборови.

Директорот на Агенцијата, својата работа и работење за тоа одговара прд Владата и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Со овој амандман фактички сакаме да ја зголемиме контролата над директорот на Агенцијата, значи амандманот 2 со кој се бара да се овозможи да има увид и Соранието на Република Македонија.

Овој амандман да беше прифатен немаше ништо да измени во текстот на овој Предлог на закон. Но, еве министерот не го прифати овој амандман. Јас не ни очекував да го прифати. Мислам дека така ќе биде и со следните два амандмани. Можеби министерот ќе не изненади за едниот од двата следни амандмана. Толку би кажал. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повкувам да гласаме.

Во моментот на гласањето беа присутни 62 пратеника, вкупно гласале 58, од кои 14 гласале за, 3 се воздржале од гласањето и 41 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 29 став 1 поднесен од пратениците Цветанка Иванова и Ацо Киров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, повелете.

**Ацо Спасеновски:** Со овој член 29 во ставот 1 фактички се уредува дека барањето за увид во списоците се поднесува писмено, а странките во постапката пред Агенцијата имаат право на увид во списокот на овој предмет. Фактички со ова им се дава шанса на самите странки да имаат увид во сопствените поднесени барања за да може да се види при оценувањето дали тоа било направено според постапките. Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Ацо Киров.

**Ацо Киров:** Благодарам потпретседателе.

И овој амандман како и претходните два амандмани немаше кој знае што да изменат во текстот, бидејќи и овде во членот 29 вели дека странките во постапката пред Агенцијата имаат право на увид во списите на својот предмет.

Со колешката Цветанка Иванова го поднесовме овој амандман од причини што оној кој што има поднесено барање до Агенцијата и со овој член 29 се овозможува тој да има увид во својот предмет. Бидејќи тој веќе го знае својот предмет, сега министерот дообјасни дека подносителот може да види во тој дел што исполнува или неисполнува или зошто не добил. Со амандманот што го поднесовме баравме оној кој што не добил, бидејќи тој знае што поднел во своето барање, што има и веројатно секој кој тоа би го направил и би конкурирал, тој веќе знае што има и нема потреба да погледне во списите на својот предмет. Со овој амандман што го поднесовме оној што не добил право да има увид и во списите на другите, на предметите од одделен проект, самиот подносител да знае зошто или колку повеќе ги исполнува условите оној кој што добил, а тој не добил. Тоа беше еден амандман што го поднесовме за дополнување на став на членот 29, со кој, мислилме дека ќе го подобриме текстот за да не дојде до сомневање кај оној што не добил, значи покрај увидот во својот предмет, да има увид и во останатите предмети кои на некој начин му биле конкурентни во барањето за добивање одредени средства. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да ве повикам да гласаме, ги замолувам пратениците кои излегоа од салата да влезат, бидејќи ќе пристапиме кон чинот на гласањето.

Процедурално има збор пратеник Цветанка Иванова, повелете три минути.

**Цветанка Иванова:** Господине потпретседателе, имајќи ја предвид важноста на овој закон, јас го повлекувам овој амандман, во името на предлагачите.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 30 став 1, поднесен од пратениците, Цветанка Иванова и Ацо Киров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, повелете.

**Ацо Спасесновски:** Ова е уредно во законот кој вчера помина тука, а тоа е Законот за судир на интереси, овој амандман се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот се прифаќа и тој станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 62 пратеника, сите 62 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделието и руралниот развој.

Со ова почитувани колеги ја завршуваме денешната работа.

Во понеделник продолжуваме онака како бевте известени со СМС порака. Ви благодарам.

(Седницата прекина во 17,25 часот)